Macedonian | Македонски

Australia's Disability Strategy 2021–2031

Creating an inclusive community together



# Австралиска Стратегија за попреченост 2021-2031

### Што е австралиската Стратегија за попреченост 2021-2031?

*Австралиската Стратегија за попреченост 2021-2031* (Стратегија) е национална рамка што ја потпишаа сите влади во Австралија. Таа претставува план за продолжување на подобрувањето на животот на луѓето со попреченост во Австралија во следните десет години. Стратегијата ја заменува и ја надградува првата *Национална стратегија за попреченост 2010-2020.*

Стратегијата ја поддржува посветеноста на Австралија на Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попречености.

### Што ќе прави Стратегијата?

Визија на Стратегијата е сеопфатно австралиско општество кое на луѓето со попреченост им обезбедува да можат да ги исполнат своите можности како рамноправни членови на општеството.

Стратегијата ќе промовира промени во седум области на резултати:

**Вработување и финансиска сигурност:** Обезбедување работа и професионални можности за луѓето со попреченост и обезбедување да имаат доволно приходи за задоволување на нивните потреби.

**Вклучителни домови и заедници:** Зголемување на бројот на пристапни, финансиски достапни и добро дизајнирани домови, и создавање заедница што е сеопфатна и достапна.

**Безбедност, права и правда:** Обезбедување дека правата на луѓето со попреченост се промовирани, поддржани и заштитени, а луѓето со попреченост се чувствуваат безбедни и уживаат рамноправност пред законот.

**Лична и поддршка од заедницата:** Обезбедување поддршка на луѓето со попреченост за да можат да живеат самостојно и да се ангажираат во нивните заедници.

**Образование и учење:** Поддршка на луѓето со попреченост да имаат пристап на образованието и учењето во текот на животот, со цел да го достигнат нивниот целосен потенцијал.

**Здравје и добросостојба:** Зголемување на поддршката и способноста на здравствениот сектор да ги задоволи потребите на луѓето со попреченост, и обезбедување дека подготвеноста и реагирањата во вонредни ситуации ги вклучуваат потребите на луѓето со попреченост.

**Однесување на заедницата:** Признавање на позитивниот придонес што луѓето со попреченост го прават за заедницата, и зголемување на довербата на заедницата во работата и ангажирањето на луѓето со попреченост.



**Како со Стратегијата ќе се постигнат подобрувања за луѓето со попреченост?**

За да се помогне Стратегијата да ги подобри животите на луѓето со попреченост, ќе има:

- Активности што владите ќе ги преземат за да се остварат приоритетите на политики во секоја од областите на резултати (Outcome Areas).
- Низа планови за насочени акции (Targeted Action Plans) што ги обврзуваат владите на конкретни акции. Првите пет планови за насочени акции се во поглед на вработувањето, однесувањето на заедницата, раното детство, безбедноста и справувањето со вонредни ситуции.
- Јавни извештаи секоја година со кои ќе се оценува напредокот и ќе се покаже каде се потребни повеќе напори.
- Начини на кои луѓето со попреченост им кажуваат на владите што мислат дека Стратегијата треба да прави. Тоа вклучува советодавен одбор составен од луѓе со попреченост и редовни јавни консултации и форуми во кои се вклучени луѓе со попреченост.

**Со кого владите се консултираа за Стратегијата?**

Како дел од подготвувањето на Стратегијата, владите се консултираа со повеќе од 3.000 луѓе со попреченост и нивните семејства, негуватели и претставници.

Повратните информации од консултациите имаа големо влијание на Стратегијата.

**Каде може да најдам повеќе информации?**

*Австралиската Стратегија за попреченост 2021-2031* може да ја прочитате и да најдете повеќе информации на www.disabilitygateway.gov.au/ads.

Стратегијата и нејзините придружни документи се на располагање во формат за лесно читање (Easy Read), на Auslan и преведени на повеќе јазици.

Ако имате прашања за Стратегијата, ве молиме пратете имејл на australia'sdisabilitystrategy@dss.gov.au

Повеќе информации за Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лицата со попречености може да најдете на www.un.org/development/desa/disabilities/convention-on-the-rights-of-persons-with-disabilities.html

DSS2684_Dec2021